ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект:** Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за сопствени приходи - 531

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- слабости во планирањето, реализацијата и контролата на условниот надоместок за набавка на биолошка терапија и отсуство на медицински протоколи/упатства со кои ќе се воспостават правила и утврдат критериуми за приклучување на пациенти на биолошка терапија;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост;

**Издадено мислење/заклучок*:**

Мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

**Клучни препораки:**

- биолошката терапија да се набавува во рамки на обезбедениот буџет по претходно склучен договор за јавна набавка и истата да се определува и доделува на пациенти по претходно мислење на стручниот колегиум
- целосно спроведување на редовниот годишен попис

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството во износ од за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 161.774 илјади денари и од останати ЈЗУ во износ од 50.792 илјади денари по основ на извршени интерклинички услуги, чија наплата е неизвесна.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 25-217/2 од 06.02.2023 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување